- ДЕЛ ТРЕТИ

# ВИДОВИ НА ПРЕКРШОЦНИ САНКЦИ ЗА СТОРИТЕЛИТЕ НА ПРЕКРШОКОТ СОГЛАСНО НОВИОТ ЗАКОН ЗА ПРЕКРШОЦИ

- За прекршоци на правни лица и трговец поединец може да се изречат следниве санкции:
  - опомена,
  - глоба и
  - привремена забрана за вршење одделна дејност.
- Глобата **за правното лице** се изрекува во износ кој не може да биде помал од 200 евра во денарска противвредност, ниту поголем од 5.000 евра во денарска противвредност.
- Глобата за трговец поединец не може да биде помала од 50 евра ниту поголема од 2.000 евра во денарска противвредност.
- За прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот на оваа санкција или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до дваесеткратен износ утврден со овој закон.

- Со законот со кој се пропишува прекршокот висината на глобата се изразува во фиксен износ.
- Со законот со кој се пропишува прекршокот може да се пропише и повисока глоба од определената во овој закон.
- Со законот со кој се пропишува прекршокот за изрекување глоба со мандатен платен налог може да се пропише износ кој не може да биде поголем од 1.500 евра во денарска противвредност за правно лице односно 1000 евра во денарска противвредност за трговец поединец.
- За одделни прекршоци од областа на заштита на конкуренција, најтешко категоризираните прекршоци од областа на животната средина, како и во други области определени со закон може да се пропише глоба во процентуален износ кој изнесува до 2% од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година, а во однос на одделни прекршоци од областа на електронски комуникаци до 10% од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година.

# ОПОМЕНА

- Опомената може да се изрече за прекршок сторен под особено олеснителни околности, ако прекршокот се состои од неисполнување на пропишаната обврска или со прекршокот е нанесена штета, а сторителот пред донесувањето на одлуката за прекршок, ја исполнил пропишаната обврска, односно ја отстранил или ја надоместил нанесената штета.
- Во одлуката со која на правното лице односно трговец поединец се изрекува санкција привремена забрана на вршење одделна дејност, се наведува дејноста чие вршење му се забранува на правното лице односно трговец поединец.

# ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

- Санкцијата привремена забрана на вршење одделна дејност на правно лице односно трговец поединец, може да се изрече ако постои опасност со вршењето на таква дејност правното лице односно трговец поединец да изврши повторно прекршок опасен за животот или здравјето на луѓето или прекршок со кој може да се нанесе имотна штета на друго правно лице односно трговец поединец или на граѓани, или ако на правното лице односно трговец поединец во последните две години му е изречена прекршочна санкција поради ист или сличен прекршок.
- **Со законот со кој се пропишува** прекршокот, може да се пропише задолжително изрекување на санкција забрана на вршење одделна дејност на правно лице односно трговец поединец.
- **Судот го определува траењето** на санкцијата забрана за вршење на дејност кое не може да биде пократко од три месеца ниту подолго од три години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.
- **Прекршочниот орган** санкцијата забрана за вршење на дејност може да ја изрече во траење од најмалку три дена до најмногу 30 дена.
- Санкцијата привремена забрана за вршење на дејност не може да се изрече на правно лице основано со закон.

# ПОСТАПКА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ И СПОГОДУВАЊЕ СО ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА КАКО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДХОДНИ ПОСТАПКИ

## ВИДОВИ НА ЗАБРЗАНИ ПОСТАПКИ

- Постојат два вида на забрзани постапки за порамнување:
  - мандатна постапка со издавање на мандатен платен налог и
  - постапка за издавање на прекршочен платен налог.
- Постојат два вида на забрзани постапки за спогодување:
  - постапка за спогодување со физички и правни лица и
  - постапка за спогодување со деца.

# ИЗДАВАЊЕ НА МАНДАТЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

- Кога службеното лице ќе утврди дека е сторен прекршок за кој со закон е предвидено издавање на мандатен платен налог, на сторителот на прекршокот ќе му врачи мандатен платен налог во кој се наведени битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање, правна поука, како и други податоци во согласност со закон со рок од осум дена од денот на врачувањето на мандатниот платен налог да ја плати глобата во определениот износ.
- Во мандантниот платен налог покрај **предлогот сторителот да ја плати** глобата, доколку е тоа предвидено со законот со кој е пропишан прекршокот , може да се утврди во рок од 30 дена место глобата сторителот да изврши определни задачи – **општокорисна работа.**

- За прекршоците од областа на сообраќајот се издава мандатен платен налог, во кој место глобата на сторителот може во рок од 30 дена да му се запишат **негативни бодови**.
- Ако сторителот доброволно не ја плати глобата, или во рок од 30 дена не достави потврда издадена од службено лице дека извршил определни задачи општокорисна работа или не достави потврда за регистрирани негативни бодови, **мандатниот платен налог има сила на извршна исправа** и службеното лице ке го достави до органот надлежен за присилно извршување за негово
- Сторителот кој со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата изречена со мандатниот платен налог.

# ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

- Ако сторителот го признае делото што му се става на товар или ако овластеното службено лице прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, службеното лице веднаш ќе издаде прекршочен платен налог.
- Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука, а може и други податоци во согласност со закон.
- Ако глобата со закон не е пропишана во точно одреден износ, службеното лице изрекува глоба во минималниот износ за прекршокот пропишан со закон.
- По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата изречена  во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог

- Сторителот **кој ќе ја плати глобата во рокот ќе плати половина** од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.
- Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.
- Сторителот којшто со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата изречена со прекршочниот платен налог.
- Ако сторителот **не ја плати глобата во рокот**, службеното лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, односно прекршочен орган.

# ПОСТАПКА НА СПОГОДУВАЊЕ СО ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА

- За прекршоци кога е тоа определено со закон, органот што е надлежен за поведување на прекршочна постапка, ќе **изготви записник за констатиран** прекршок и **во истиот ќе му предложи на** сторителот на прекршокот постапка на спогодување и постигнување согласност со кој сторителот на прекршокот ќе ја плати договорената глоба и другите давачки, ќе ги отстрани последиците на прекршокот или ќе исполни некоја обврска.
- Службеното лице составува записник во кој се констатира согласноста за спогодување на двете страни на кој се потпишува и сторителот на прекршокот и **во рок од три дена од потпишувањето на записникот го доставува до комисијата за спогодување.**
- Постапката на спогодување **е итна и се води пред посебна комисија** за спогодување во рамките на надлежниот орган.
- Ако постапката на спогодување успее во рок од осум дена од денот на започнување на постапката пред комисијата за **спогодување** , се **склучува спогодба со сторителот на прекршокот**.

- Ако постапката за **спогодување не успее, комисијата** за спогодување во рок од три дена **го известува надлежниот орган кој** го констатирал прекршокот, **да поднесе барање за поведување** на прекршочна постапка пред суд или прекршочен орган, а трошоците на постапката паѓаат на товар на сторителот.
- **Спогодбата за договорена глоба има сила на извршна исправа**. Ако сторителот не ја плати глобата во утврдениот рок, таа ќе се достави на органот на управата надлежен за присилно извршување.

# КРИТЕРИУМИ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА ГЛОБА СОГЛАСНО ЗП
# ОДМЕРУВАЊЕ НА ГЛОБА ЗА ПРАВНО ЛИЦЕ И ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ

- (1) Одмерувањето на висината на глобата се врши врз основа на следните критериуми:
  - вкупен приход остварен во претходната фискална година,
  - просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на претходниот месец во однос на месецот во кој е сторен прекршокот
  - претходно поведение на сторителот
- (2) По основ на критериумот „вкупен приход остварен во претходната фискална година“ може да се изрече најмногу 70% од порпишаната глоба и тоа на следниот начин:
  - од 0 до 500.000 денари – 10%
  - од 500.001 до 1.000.000 денари – 20%
  - од 1.000.001 до 3.000.000 денари – 30%
  - од 3.000.001 до 6.000.000 денари – 40%
  - од 6.000.001 до 20.000.000 денари – 50%
  - од 20.000.001 до 100.000.000 денари – 60%
  - над 100.000.001 денари – 70%

- По основ на критериумот „просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на претходнот месец во однос на месецот во кој е сторен прекршокот “може да се изрече најмногу до 20% од пропишаната глоба и тоа на следниот начин:

    - од 0 до 9 вработени – 5%
    - од 10 до 49 вработени – 10%
    - од 50 до 249 вработани – 15%
    - над 250 вработен – 20%.

- (4) По основ на критериум “ претходно поведение на сторителот“ може да се изрече најмногу 10% од пропишаната глоба и тоа на следниот начин:

    - нема изречени правосилни прекршочни санкции – 0%
    - изречени се правосилни прекршочни санкции – 10%.

- (5)Висината на глобата се одредува како процент од пропишаниот  износ на глобата.
- (6) Одмерувањето на висината на глобата според критериумите утврдени во ставовите 2, 3 и 4 на овој  член се врши на тој начин што процентот од став 5 на овој член претставува збир на сите проценти добиени во зависност од категоријата во која влегува сторителот во рамките на секој пропишан критериум.

- (7) На сторителот на ист прекршок, за секое наредно повторување на прекршокот одмерената глоба од ставот (6) се зголемува за по 10% но не повеќе од висината на двократниот износ од пропишаната глоба за временски период од пет години .
- (8) Прекршочниот орган води евиденција за сторителите на прекршок и за изречените глоби за сторениот прекршок.
- (9) Содржината и начинот на водењето на евиденцијата од став (8) на овој член ја пропишува лицето кое раководи со прекршочниот орган.
- (10) Доколку правното лице односно трговец поединец во Централниот регистар на Република Македонија нема поднесено годишна сметка за претходната фискална година од која може да се утврди вкупниот приход, при одмерување на висината на глобата ќе се земе во предвид просечниот вкупен приход на ниво на дејност која ја врши сторителот на прекршокот.
- (11) Централниот регистар на Република Македонија е должен да обезбеди и да достави обработени податоци за вкупниот приход, на барање на судот и прекршочниот орган, без надомест.
- (12) Ако судот, односно прекршочниот орган утврди глоба за два или повеќе прекршоци во стек, единствената глоба претставува збир на поединечно одмерени глоби, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана за правното лице односно трговец поединец.

# ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НАДВОР ОД ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

- Работникот е должен да врши и друга работа која не е предвидена со договорот за вработување, а е во рамките на неговата стручна подготовка, врз основа на писмен акт од страна на работодавачот се додека траат причините, **но не подолго од два месеци, само во случаи**:

  - кога треба да **се замени** отсутен работник;

  - кога е **зголемен обемот** на работата;

  - ако на работното место на кое работи **е намален обемот** на работа;

  - на **елементарни непогоди** кои се случиле или непосредно се закануваат и кога е неопходно за отстранување или спречување на последиците во случаите на природна непогода или друга несреќа

  - на неопходно **завршување на започнат** процес, чие прекинување со оглед на природата на технологијата на работата би предизвикало материјални загуби;

  - на спречување на **расипување на суровини** и материјали, односно отстранување на дефекти на опремата и на средствата за работа;

  - на завршување на **итни и неодложни работи**;

  - во други случаи утврдени со колективен договор.

- Работникот е должен да **врши и друга работа која не е предвидена** со договорот за вработување, **а е во рамките на неговата стручна** подготовка, врз основа **на писмен акт од страна** на работодавачот се додека траат причините но **не подолго од една година само** во случај кога се работи за **замена на отсутен работник кој е на подолготрајно боледување.**

- Работникот во сите случаи кога врши друга работа која не е предвидена со договорот за вработување, има право **на еднаква плата каква** што примал на своето работно место, односно, плата која за него е поповолна.

# ИЗЈАВА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

- Разлика помеѓу дополнително продолжување на договорот за вработување и исполнување на услови за старосна пензија.
- Работодавачот го прекинува договорот за вработување на работникот кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж.
- Работникот со писмена изјава до работодавачот може да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст за маж, односно до 65 години возраст за жена доколку со друг закон поинаку не е уредено.
- Писмената изјава за продолжување на договорот за работа ,работникот ја дава најдоцна до 31 август во тековната година за да може да до продолжи договорот за работа за една година.

- За продолжувањето на договорот за работа, работникот до работодавачот треба да поднесува изјава секоја година со која бара продолжување на договорот за вработување. Оваа практични значи дека,работникот до работодавачот ќе поднесе три пати изјава за продолжување на договорот за вработување доколку сака да работи до максималната старосна граница од 65/67 години.
- По дадената изјава од страна на работникот со која бара да му се продолжи договорот за вработување ,работодавачот е должен да ја прифати изјават, односно да му го продолжи на работникот договорот за вработување за една година.